

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"Даме Груев"
Бр. 02-184/2-13
05.11.2025 год.
с.Ерџелија Св.Николе

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ДАМЕ ГРУЕВ" с.Ерџелија,Свети Николе
тел.032/459-020 факс: 032/459-020
e-mail: damegruev87@yahoo.com

До

Општина Свети Николе

Од
ООУ „Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе

**Предмет:** Доставување на извештај од самоевалуација на ООУ „Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе за период од 2023 до 2025 година

Почитувани,

Комисијата за спроведување на самоевалуација со Решение бр.02-184/3 од 28.05.2025 година, изготви Извештај од самоевалуација на ООУ „Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе за период од 2023 до 2025 година со бр.01-184/4-1 од 29.09.2025 година, кој согласно член 130 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Ви го доставува за Ваше понатамошно законско постапување.

Со почит,

Директор,

Драгица Јованова

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"Даме Груев"
Бр. 02-184/4-1
29.09.2025 год.
с.Ерџелија Св.Николе



**ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**
**ООУ„Даме Груев“ с.Ерџелија Свети Николе**

**за период од 2023 до 2025 година**



**Датум**
**29.09.2025**

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ,, Даме Груев,, с. Ерџелија – Свети Николе во период

од 2023 до 2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19 ,229/20 , 3/25 година) Општинското основно училиште ООУ,, Даме Груев,, с. Ерџелија – Свети Николе изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 до 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 28.05.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Катерина Димковска – наставник

Слаѓана Маџова- наставник

Драган Ѓоргиев – наставник

Катерина Ефремова- Владева - психолог

Даниела Апостолова - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 2023 до 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Билјана Трајчевска – координатор<br>Благица Станојков<br>Никола Давков<br>Благица Илиева<br>Цветанка Јакимова<br>Благица Михајлова |
| 2. Постигања на учениците | Габриела Милановска Ѓорѓиевска - координатор<br>Елена Китанова Ѓошевска<br>Александра Спасова<br>Биљана Бојковска<br>Дина Апостолова |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Гордана Апостолова- координатор<br>Валентина Штеркова Лукарева |

| | |
|---|---|
| | Билјана Секулова<br>Билјана Мишева<br>Катерина Алексова Наумова<br>Зорица Митрушева |
| 4. Управување и раководење | Маја Давкова – координатор<br>Даниела Стефановска<br>Благој Јаначков<br>Емилија Цековски<br>Викторија Сандева |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 29.09.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во рамките на самоевалуацијата на училиштето, беше реализирана анкета со цел да се добие реална слика за состојбата во подрачјето ,, Планирање, настава и учење„. Во анкетата учествуваа наставници, ученици и родители, а резултатите овозможуваат длабински увид во начините на планирање на наставата, примена на методи и ресурс, оценувањето, како и вклученоста на учениците и родителите во образовниот процес. Податоците укажуваат дека наставниците добиваат навремена поддршка за планирање, користат современи наставни практики и прилагодуваат задачи според индивидуалните потреби на учениците. Постојат редовни средби и размена на искуства во рамки на стручните активи.<br>Учениците потврдуваат дека има слобода во изборот на изборни и воннаставни активности, а родителите генерално се задоволни од комуникацијата со наставниците и од начинот на информирање за постигнувањата на нивните деца |
| **Силни страни**<br>- Професионална поддршка: Наставниците добиваат соодветна обука и поддршка од страна на директорот и стручната служба за планирање и реализација на наставата.<br>- Следење и контрола: Наставните планови се следат редовно ( најмалку два пати во полугодието), што овозможува континуитет и подобрување на квалитетот.<br>- Соработка и тимска работа: Во рамките на стручните активи постои ефективна размена на искуства и идеи за наставно планирање.<br>- Примена на иновативни методи: Наставниците користат различни наставни ресурси и прилагодуваат содржини според потребите на учениците.<br>- Вклученост на учениците: Учениците самостојно ги избираат изборните и воннаставните активности, што ја поттикнува нивната мотивација.<br>- Добра комуникација со родители: Родителите се запознаени со критериумите за оценување и добиваат насоки за унапредување на ученичките постигања.<br>-Користење различни начини за проверка на знаењата: Наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаат за секоја оцена и користат различни начини за проверка на знаењата (усна проверка, тестови, наставни листови) |
| **Слаби страни**<br>- Недоволно вклучување во планирањето на воннаставни активности: Дел од наставниците не ги изготвуваат плановите за воннаставни активности во соработка со учениците.<br>- Ограничена културна размена: Активностите кои вклучуваат ученици од различни култури се недоволно застапени, што остава простор за развој во оваа насока.<br>-Реализирање МИМО активности : Нецелосна реализација на Мимо активностите според претходно направениот план. |
| **Приоритети**<br>- Зголемување на вклученоста на учениците во планирањето: Да се поттикне активна улога на учениците во креирање на планови за воннаставни активности и нивно поголемо учество во образовниот процес. |

- Промовирање на културна инклузивност: Да се организираат активности кои ќе ја поттикнат соработката и разбирањето меѓу ученици од различни културни средини.
- Професионален развој на наставниците: Да се продолжи со континуирана обука за примена на иновативни и интересни методи на настава, како и оценување.
- Напредување на наставната мотивација: Да се работи на зголемување на интересноста на наставните содржини и активности, со цел да се задржи вниманието и ангажираноста на сите ученици
-Целосно реализирање на МИМО активностите: Да се организираат и реализираат активностите кои се планираат

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Училиштето го следи успехот и постигањата на учениците во текот на целата учебна година. За тоа се изготвуваат извештаи од анализа на успех по завршувањето на секој квалификационен период, по пол, етничка припадност и наставни предмети. Наставниците и стручните соработници ги идентификуваат учениците со потешкотии, истите добиваат поддршка од страна на стручните соработници, наставниците, но и Центарот за поддршка во Свети Николе. Се организираат часови за дополнителна настава за учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини. Во однос на учениците кои се надарени и талентирани, им се овозможува додатна настава и се поттикнуваат да учествуваат на натпревари и конкурси. Во училиштето има еден ученик кој работи според ИОП, нема образовен асистент, како и ученичка која исто така има функционална проценка од МКФ и која добива соодветна поддршка, без образовен асистент. За овие ученици се формирани инклузивни тимови. Сепак, се забележуваат поголем број ученици со говорни нарушувања кои имаат потреба од логопед, но и ученици со потешкотии во развој, кои имаат потреба од стручна поддршка од страна на специјален едукатор и рехабилитатор и логопед. Родителите редовно се известуваат за постигањата и редовноста на учениците. Се повикуваат на советување и им се посочуваат проблемите со нивните деца. Во однос на редовноста, се забележува значително голем број на изостаноци, кој расте од година во година. Ова во голема мера се должи и на ученици кои континуирано не посетуваат настава, кај кои домашните посети, разговорите со родителите, пријавувањето до ЦСР – Свети Николе и ДПИ, за жал не даваат резултати

**Силни страни**

- Постојано следење на успехот и редовноста на учениците и преземање соодветни мерки;
- Родителите имаат можност редовно да се известуваат за постигањата на учениците;
- Идентификување на ученици со потешкотии и надарени ученици;

**Слаби страни**

- Голем број на изостаноци (оправдани и неоправдани)
- Недостаток на стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор и/или логопед

**Приоритети**

Да се направи план за подобрување на редовноста на учениците и да се дефинира начинот на нивна евиденција во е-дневникот (ученици кои во континуитет не доаѓаат на училиште)
Да се побара финансирање и согласност за вработување на стручни профили – специјален едукатор и рехабилитатор и/или логопед

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Климата во училиштето е позитивна што придонесува за добар квалитет на работа и високи постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училиштниот живот. Во училиштето функционира Кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Раководниот орган и наставниот кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Во училиштето е изработен Правилник со кој се пропишани педагошките мерки за однесувањето на учениците. Училиштето има демократски формиран Ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците како и во отворените денови и сл. На овие средби се разгледуваат прашања кои се врзани со училиштниот живот на учениците: Наставните програми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците, активности и проекти кои ги реализираат учениците и сл.

**Силни страни**

- Во училиштето климата е на добро ниво. Ова се се потврдува и со спроведената анкета, при што на тврдењето дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка целосно се согласуваат 46 % од наставниците кои се вработени во училиштето. Дека нивното дете е прифатено и почитувано во училиштето целосно се согласуваат 57 %,се согласуваат 32 % од родителите и дека во училиштето владее добра клима за работа се потврдува и од страна на учениците, со 46% потврдни одговори на ова тврдење. Нашите ученици имаат солидни постигнувања на спроведените натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;

- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот;
- Училиштето системски го следи почитувањето на Куќниот ред на училиштето и Кодексот на однесување на учениците и вработените,редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес. Вкупно 53 % сметаат дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.
- Учениците секогаш се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на натпревари од различен карактер.
- Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците;
- Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските / класните раководители и родителите на учениците. Во таа насока педагошката служба редовно ја следи работата на наставниците и нивното залагање кон учениците;
- Наставниците покажуваат позитивни и мотивирачки ставови кон учењето и работата со учениците;
- Наставниците и учениците отворено разговараат, се прифаќаат, ценат и ја негуваат еднаквоста на секоја личност без разлика на етничката, верската, националната и друга припадност. На спроведената анкета 57 % од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од страна на наставниците и 38 % од нив се согласуваат со оваа констатација. Вкупно 64% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од страна на останатите ученици и 31% од нив се согласуваат.
- Наставниците сметаат дека на родителите целосно им се достапни информациите за сите училишни активности;
- Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби или со пристап во е - дневникот), па може да се истакне дека меѓусебната соработка е на добро ниво;
- Поголем дел од наставниците се запознаени со постоењето на Кодексот на однесување и се вклучени во изработката на истиот во училиштето.

Во училиштето има добра соработка меѓу сите наставници

**Слаби страни**

- Родителите се вклучени во активностите на училиштето, но соработката од нивна страна е делумна, посебно во однос на проблемите со родителите на учениците што покажуваат послабо поведение и послаб успех.
- Оброк за учениците (ужинка) во училиште.

.

**Приоритети**

- Обезбедување на квалитетен оброк (ужинка) за учениците.
- Вклученост на родителите и учениците во севкупниот воспитно - образовен процес на училиштето;
- Соработка со родители, преку организирање работилници и советувања, посебно со оние родители чии деца се со послаб успех и поголем број на изостаноци.

| |
|---|
| ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Директорот го информира Училишниот одбор за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината |
| **Силни страни**<br>- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Во последните години многу се вложувало во подобрување на сместувањето, инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства.<br>- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br>- Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.Училиштето има простран и уреден двор кој го користат учениците и месното население и во попладневните часови кога нема настава |
| **Слаби страни**<br>- Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br>- Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

1.Зголемување на вклученоста на учениците во планирањето: Да се поттикне активна улога на учениците во креирање на планови за воннаставни активности и нивно поголемо учество во образовниот процес.

2.Да се побара финансирање и согласност за вработување на стручни профили – специјален едукатор и рехабилитатор и/или логопед

3. Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.

Комисија за спроведување на СЕУ:
Катерина Димковска- наставник
Слаѓана Маџова-наставник
Драган Ѓоргиев- наставник
Катерина Ефремова- Владева - психолог
Даниела Апостолова - родител